Бобан ПЕТРОВСКИ УДК: 94(497.75)„1189/1192“

# РЕФЛЕКСИИ ОД ТРЕТИОТ КРСТОНОСЕН ПОХОД ВРЗ ПОЛОГ

***Кратка содржина***

*Преминувањето на германските крстоносци од Третиот Крстоносен поход низ Балканот, предводени од Фридрих I Барбароса, резултирало со нивен конфликт со Византија. Ваквата ситуација вешто ја искористил српскиот велики жупан Стефан Немања за реализирање на своите цели. При неговите воени навлегувања, кои го опфатиле просторот од горниот тек на р. Струма, преку северозападните делови на Македонија, до Косово и долината на Јужна Морава, во временскиот интервал од првата декада на декември 1189 г. до првата половина на јануари 1190 г. бил освоен Полог. Областа, потоа била инкорпорирана во рамките на српската држава, сè до есента 1190 г. (битката на р. Морава), кога победоносните византиски војски го вратиле Полог, заедно со претходно одземените земји, во рамките на Византија.*

***Клучни зборови:*** *ПОЛОГ, ЛЕШОК, ГРАДЕЦ, ТРЕТ КРСТОНОСЕН ПОХОД, ВИЗАНТИЈА, СРЕДНОВЕКОВНА СРБИЈА, ФРИДРИХ I БАРБАРОСА, СТЕФАН НЕМАЊА.*

Третиот крстоносен поход, кој се одвивал во периодот 1189-1192 година[1], индиректно повлијаел врз одредени аспекти од минатото на северозападните делови на Македонија, респективно Полог. Минувањето на германските крстоносци низ Балканот било искористено од српската држава за спроведување на нејзините интереси, чии војски извршиле напади во длабочината на српско-византиските погранични територии.

Во посочениов временски период на чело на српската држава се наоѓал великиот жупан Стефан Немања. Тој го отфрлил византиското господство и во почетокот на осумдесеттите години на XII век започнал територијално да ја проширува својата држава на сметка на Византиското Царство и да склучува договори и сојузи за при-

---

[1] Изворна база за маршрутите на крстоносците во текот на Третиот крстоносен поход: Itinerarium Peregrinorum (H. J. Nichlson, Aldershot-Burlington USA-Singapore-Sydney 1997).

јателство со византиските непријатели, здобивајќи на тој начин за својата држава меѓународно признавање[2].

Во исто време, Византија, соочена со внатрешни преврати, дополнително требала да се спротистави и на востанието во Бугарија отпочнато во 1185 година. За да го спречи неговото раширување во претстојниот период, новиот император Исак II Ангел (1185-1195) ги ангажирал сите свои сили на Балканот во обид да се задуши истото и да се сузбијат последиците од него[3].

Кон неповолната политичка позиција на Византија во нејзините балкански владенија се придодал уште и надворешниот фактор олицетворен во Фридрих I Барбароса, императорот на Светата Римска Германска Империја и водач на германските крстоносци за време на Третиот крстоносен поход[4].

Природно ваквата надворешна опасност за Византиската Империја нашла свои сојузници во балканските византиски противници Србија и Бугарија. Неколкудневниот престој на германските крстоносни војски кај Ниш во крајот на јули 1189 година им овозможил на Србите и Бугарите да се обидат да склучат сојузи со крстоносците на штета на Византиското Царство[5]. Но, иако Фридрих I Барбароса се држел резервирано кон понудената српска и бугарска воена помош во случај на германско-византиски судир[6], великиот жупан решил да

[2] Србите успеале територијално да ја прошират својата држава на сметка на Византија во делот на Зетското приморје, а здружени српско-унгарски одреди навлегле и пљачкале на византиска територија до Ниш и Сердика, сп.: ИСН I, 252-253, 255 (J. Калић); Г. Острогорски, Историја, 478-479.

[3] За почетокот на востанието и неговото првично раширување, опширно: В. Златарски, История II, 435-445; И. Божилов, В. Гюзелев, История на България, 421-430. За презематите византиски дејствија за анулирање на истото, сп. Г. Острогорски, Историја, 484, 486-487; R. Guilland, Byzance et les Balkanes, 129-130.

[4] За делот кој во оваа пригода е предмет на наш интерес – минувањето на крстоносците низ Балканот, сп. Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 124-185. За нивното преминување конкретно преку Бугарија, види кај К. Гагова, Кръстоносни походи и България, 73-83.

[5] На 27 јули во Ниш се одиграла официјалната аудиенција на Стефан Немања и брат му Страцимир кај германскиот император Фридрих I Барбароса. Со таков прием биле удостоени и српските сојузници, бугарските владетели Петар и Асен, присутни преку свои пратеници, сп.: Historia de Expeditione, 29-30, 33; ИБИ XII ЛИБИ III, 254, 257; Historia peregrinorum, 134-135; ИБИ XII ЛИБИ III, 227; Chronicon Magni presbyteri, 509; ИБИ XII ЛИБИ III, 209. За овие настани и активности од историографските трудови види во: R. Guilland, Byzance et les Balkanes, 132; ИСН I, 256-257 (J. Калић); Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 149-150; И. Божилов, В. Гюзелев, История на България, 432.

[6] Ансберт известува дека германскиот император не ја прифатил српско-бугарската понуда имајќи ја предвид поговорката "qui ambulat simpliciter, ambulat confidenter" (оној кој што патува непорочно, патува безопасно), сп.: Historia de Expeditione, 30-31; ИБИ XII ЛИБИ III, 255. Во анонимната „Историја на крстоносците" се вели дека на понудата Фридрих I Барбароса одговорил со пристојност (pro tempore et convenienter respondid), сп.: Historia peregrinorum, 135; ИБИ XII ЛИБИ III, 227-228. Сп. и Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 152.

ја искористи поволната прилика за остварување на своите замисли. Имено, Стефан Немања, осилен од благонаклоноста на Барбароса и немоќта на Византија поради наближувањето на крстоносците кон Цариград, презел воени активности за проширување на српската држава во областите по горниот тек на р. Струма, северните делови на Македонија, Косово, сѐ до долината на Морава. Конкретно, го искористил поминувањето на крстоносците од Ниш кон Сердика и заземањето на Филипопол, по што, териториите западно од посочениве биле отсечени од Византија и како такви станале лесен плен за Србите[7].

Во екот на тие настани се случила српска воена пенетрација во Полог. Изворни свидетелства за овој настан наоѓаме единствено во Житието на Симеон Немања, напишано од Стефан Првовенчаниот. Како дополнение ќе се послужиме и со информациите кои ни ги предочува современиот византиски писател Никита Хонијат, бидејќи тие ни овозможуваат делумна контрола на податоците од српскиот извор. Во реконструкцијата на настаните, пак, кои се одигрувале во овој временски период на тлото на Византиската Империја незаменливи податоци ни оставиле современиот западен извор Ансберт (Historia de Expeditione Friderici Imperatores) и анонимниот писател на „Историјата на крстоносците“ (Historia peregrinorum), дополнети со Хрониката на презвитер Магнус (Chronicon Magni presbyteri) и Итинерарот на Крстоносците (Itinerarium Peregrinorum).

Релевантни прашања кои нѐ засегаат во врска со српското навлегување во Полог се времето кога тоа се случило, правецот на српското навлегување во Полог, дали и до кога Областа останала во составот на српската држава, како и карактерот на оваа српската пенетрација. На истите се обидуваме да понудиме наши размислувања во претстојниот текст.

Навлегувањето на српски војски во Полог на чело со Стефан Немања, како што наведовме, единствено е регистрирано во Житието на Симеон Немања. Во него српската пенетрација најпрво е претставена како опсежен деструктивен поход насочен кон горниот тек на реката Струма и северозападните делови на Македонија. Притоа, заедно со останатите опустошени области и разрушени градови,

[7] Во изворите има известија за тоа дека при аудиенцијата кај Фридрих I Барбароса, Стефан Немања со своите браќа го известил германскиот император дека градот Ниш и неговата област веќе биле преземени од Србите, сп.: Historia de Expedition, 30-31; ИБИ XII ЛИБИ III, 255. Кај Ансберг е наведено дека Србите ги контролирале областите од градот Ниш до Стралиц, сп.: Historia perigrinorum, 134-135; ИБИ XII ЛИБИ III, 227. Види и ИСН I, 256 (Ј. Калић). За поистоветувањето на Стралиц со Софија, види кај К. Гагова, Кръстоносни походи и България, 109.

извршено е и разрушување на два града во Полог. Имено, според информациите содржани во самото Житие, Стефан Немања, откако ја нападнал Софија се свртел кон југ, упатувајќи се кон горниот тек на реката Струма, каде ги опустошил Перник, Стоб, Землен, Велбужд и Житомиск[8]. Оттаму великиот жупан со своите војски се насочил кон северозападните делови на Македонија, каде, по Скопје, следни градови подложени на пустошење и разурнување биле градот Лешок во Долен Полог и градот Градец (**и градь Лѣшьскь оу Дол'немь Полоꙃѣ и град(ь)' Градьць**)[9]. Од продолжението на текстот во самото Житие се дознава дека од овој поход биле засегнати уште и Косово и долината на Морава, при што, настрадале Нишката област, Липљан, Морава, Врање и Призренската област[10].

Византискиот извор Никита Хонијат, современик на овие настани, дава сосема кратки информации за сите овие активности на Стефан Немања, не споменувајќи го Полог. Според неговите известувања „жупанот на Србите зла нанесувал и Скопје го разрушил" (κακουργοῦντος δέ τοῦ τῶν ζουπάνου καὶ τὰ Σκόπια φθείροντος)[11]. Иако не посочува дали при овие активности на Стефан Немања бил засегнат и Полог, од ваквите рестриктивни известувања на Никита Хонијат може да се согледа дека тој, најверојатно сумарно го претставува токму наведеното во Житието навлегување на великиот жупан на византиско тло. Притоа, византискиот писател акцентот го става на разрушувањето на стратешки важниот и добро утврден град Скопје, во очите на Хонијат најзначаен од сите наведени во Житието, од што може да се претпостави дека српската војска била прилично бројна и добро подготвена за заземање и на поголеми градови. Оттука, во зборовите на Никита Хонијат дека жупанот на Србите „зла нанесувал" би требало да се препознае, покрај останатото и неговото пустошење во Полог и тоа, разрушувањето на Лешок и Градец, места со многу помали утврдувања и понезначајна стратешка важност во однос на Скопје.

Како што се забележува во самите извори нема децидни податоци за времето на одигрување на овие настани. Но, следејќи го развојот на случувањата врзани за минувањето на германските крстоносци низ византиско тло, детално опишани кај Ансберт и Historia

---

[8] Стефан Првовенчани, Житије, 30, 20-31, 2.

[9] Исто, 31, 3.

[10] Исто, 31, 4; 31,11-12. Сп. и: ИСН I (Ј. Калић), 258; М. Бошкоски, Надворешни упади, 187-188. R. Gulliand (Byzance et les Balkanes, 134) погрешно временски ги фиксира овие српски освојувања, посочувајќи дека се случиле дури откако бил склучен мирот меѓу Византија и германските крстоносци во февруари 1190 година.

[11] Choniates, Historia, 434, 27-28.

peregrinorum, а дополнети и со известијата понудени во Chronicon Magni Presbyteri и Itinerarium Peregrinorum, би можеле да се доближиме до релативната историска вистина за времето на овие збиднувања, во чии рамки се одиграло и српското навлегување во Полог.

Најшироко, српскиот поход може да го фиксираме во временскиот интервал од заминувањето на крстоносците од Ниш во крајот на јули 1189 година до склучувањето на мировниот договор во Адријанопол меѓу Византија и Фридрих I Барбароса во средината на февруари 1190 година[12]. За отпочнување непријателства против Византија, Стефан Немања, секако требало да искористи погоден момент, со оглед на покажаната резервираност на Фридрих I Барбароса кон неговата и понудата на Бугарите. Се чини, таков момент би можел да биде промената на ставот на Фридрих I Барбароса кон Византиската Империја олицетворен во отпочнувањето на отворени воени непријателства меѓу Византиското Царство и германските крстоносци, по заземањето на Филипопол од последниве во крајот на август 1189 година[13]. Дознавајќи за ваквата новонастаната констелација на византиско-германските односи, на српскиот жупан му преостанувало да ја собере својата војска и да отпочне со поход во оние византиски територии каде Византиската Империја, соочена со германската крстоносна опасност, не ни помислувала да испрати помош или засилување. Се чини, токму поради тоа е и толкавата територијална опсежност на походот на Стефан Немања.

Имајќи ги предвид бројните области и градови низ кои минал великиот жупан опустошувајќи и разурнувајќи ги, самиот поход не би можел да трае помалку од триесетина дена. Со оглед на продолжителните византиско-германски непријателства во текот на септември 1189-јануари 1190 година[14], српскиот поход би можел да биде

---

[12] Договорот бил склучен на 14 февруари 1190 година. За него и клаузулите од кои бил сочинет известуваат: Historia de Expeditione, 64-66; ИБИ XII ЛИБИ III, 284-287; Historia peregrinorum, 149-150; ИБИ XII ЛИБИ III, 242-243; (Chronicon Magni presbyteri, 512, 53-54; ИБИ XII ЛИБИ III, 213. Види и Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 182-185.

[13] Германските крстоносци, предводени од Фридрих I Барбароса, на тлото на Балканот се движеле по познатиот пат Via Militaris, па така по неколкудневниот престој во Ниш, кон средината на август 1189 година стигнале пред Софија, а оттаму се упатиле кон Филипопол, каде на 26 август влегле во градот. Заради влошените односи со Византија во градот се задржале во текот на единаесет седмици, по што, главнината се упатила кон Адријанопол и на 22 ноември го зазеле градот каде што останале сè до крајот на февруари-почетокот на март 1190 година, сп. Itinerarium Peregrinorum, 56, 58, 59. Види и: Г. Острогорски, Историја, 488-489; ИСН I, 257 (J. Калић); В. Златарски, История III, 4-8, 12-14, 24-26, 41-43, 58-59; Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 159-160, 171, 184; К. Гагова, Кръстоносни походи и България, 77-79,83.

[14] Германско-византиските воени дејствија траеле до 21 јануари 1190 година кога во Адријанопол дошло пратеништво испратено од византискиот император Исак II Ангел со

изведен во било кој од есенските месеци на 1189 година или почетокот на зимата 1189/1190 година.

Но, следејќи ги внимателно изворите, се чини, времето во кое се одигрувало српското навлегување во посочениве територии може уште повеќе да се стесни. Имено, Ансберт известува дека поради отсуство на комуникација меѓу крстоносците во Адријанопол и оние во Филипопол, Фридрих I Барбароса на 7 декември 1189 година испратил 1200 вооружени војници да отидат во Филипопол со цел да ги придружуваат тамошните кон Адријанопол, но и да стапат во контакт со српскиот велики жупан кај влезот на бугарските теснини[15], со цел да испрати воена помош во случај да се нападне Константинопол[16]. Откако војските се вратиле во Адријанопол, на 21 јануари 1190 година, пратеникот на германскиот император кој бил задолжен да се сретне со Стефан Немања, го презентирал исходот од направеното[17]. Тој имено, известил дека не се видел со српскиот челник на договореното место, бидејќи самиот жупан во тоа време бил зафатен со сериозни воени дејствија во Бугарија[18], па затоа му испратил пратеник[19].

Се чини, под ваквите активности на Стефан Немања посочени кај Ансберт треба да се подразбере токму горепосочената воена кампања на српскиот владетел. Оттука, произлегува дека српското пенетрирање во Полог, изведено во рамките на преземениот опсежен поход на великиот жупан, со оглед на редоследот на освоените гра-

---

барање за склучување мир, сп.: Historia de Expeditione, 64; ИБИ XII ЛИБИ III, 285; Historia peregrinorum, 149; ИБИ XII ЛИБИ III, 242 и бел. 1. (С. Лишев). Види и кај, Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 180.

[15] Станува збор за Трајановата врата, односно проодот Свети Василиј, сп.: К.Гагова, Кръстоносни походи и Българин, 98; Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 176.

[16] „...turn ut magno comiti de Servia in introitu clusarum Bulgarie familiariter loquerentur pro exercitu nobis in adiutorium adversus Constantinipolim transmittendo, si bellum forte ei indiceretur", сп. Historia de Expeditione, 55; ИБИ XII ЛИБИ III, 276. Во анонимната „Историја на крстоносците" не се споменува датата на заминување на крстоносците кон Филипопол, ниту обврската за стапување во разговори со Стефан Немања, сп. Historia peregrinorum, 148-149; ИБИ XII ЛИБИ III, 241.

[17] Според известијата понудени во Хрониката на презвитер Магнус, војската која презимила во Филипопол, оттаму тргнала за Адријанопол на 15 јануари и на 21-ви истиот месец пристигнала во Констанција каде се пееле химни, а кај германскиот император во Андријанопол пристигнала на 6-ти февруари, сп.: Chronicon Magni presbyteri, 512, 51-53; ИБИ XII ЛИБИ III, 213.

[18] Под Бугарија крстоносните извори ја подразбираат територија од Белград до Трајановата врата, сп. К. Гагова, Кръстоносни походи и България, 98.

[19] „Quem cum grandi labore et bello in Bulgaria intentum idem dux condicto in loco non invenisset, nuntio ad eum directo et recepto reversus est ad socios suos apud Constantiam", сп.: Historia de Expeditione, 62 (и стр, 60-61); ИБИ XII ЛИБИ III, 283 (и стр. 281-282). Види и: В. Златарски, История III, 56; ИСН I, 257 (Ј. Калиħ); Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите, 180.

дови и области, било извршено во временскиот интервал од првата декада на декември 1189 година до првата половина на јануари 1190 година.

Доколку, пак, се придржуваме до редоследот на наброените опустошени градови во Полог, од една страна и притоа го имаме предвид податокот во Житието на Симеон Хемања за претходно освојување на Скопје, од друга страна, можеме со голема веројатност да го посочиме правецот на српското навлегување во Областа и движењето на српските војски во неа. Имено, според понудените изворни информации, Србите, откако го опустошиле Скопје се упатиле на запад и најпрво навлегле во Долен Полог, каде се наведува дека го опустошиле градот Лешок, по што, се упатиле на југ кон Горен Полог, каде што го опустошиле градот Градец. Според тоа, Србите во Полог влегле од неговата источна страна, најверојатно низ Жеденскиот проод, по што, низ Областа се движеле во правец североисток-југозапад. Правецот на српските војски по завршувањето на своите активности во Полог, поради отсуство на изворни сведоштва не може да се утврди. Затоа останува нејасно дали тие се вратиле по истиот пат кон скопската област или пак го користеле Вратничкиот премин и се упатиле кон Косово.

Натамошните информации во Житието известуваат за тоа дека великиот жупан кон својата држава ги приложил Нишката област, Липљан, Морава, Врање, Призренската област и двата Полога со сите нивни меѓи (**и Пологa ѡба до кон'ца сь мегами своими**)[20].

Следејќи ги овие податоци произлегува дека дел од областите во кои навлегол Стефан Немања, вклучително и двата Полога, биле присоединети кон српската држава[21].

Според тоа, навидум постои контрадикторност во самото Житие околу тоа дали градовите во Полог и самата Област, како и останатите наведени области и градови, биле разурнати и опљачкани или пак освоени и анектирани!

Меѓутоа, при компаративен анализирачки пристап на ситуцијата на теренот и податоците од српскиот извор, може да се согледа де-

---

[20] Стефан Првовенчани, Житије, 31,10-13.

[21] Не е јасно зошто не е наведено Скопје како анектирано, како и дали е возможно српскиот извор да го превиди неговото вбројување во припоени територии бидејќи, без сомнение, Скопје бил најзначаен од сите наведени градови и области приопштени кон српската држава. Впрочем, византискиот писател Никита Хонијат, давајќи сумарен опис на овие настани, единствено него го именува. За размислувања и аргументи околу евентуалното српско анектирање на Скопје, сп.: М. Бошкоски, Надворешни упади, 188-189; ИСН I, 258-259 (Ј. Калић); Т. Томоски, Скопје, Споменици I, 59.

ка посочените податоци од Житието не се спротивставени и не се исклучуваат меѓу себе. Всушност, настаните во српскиот извор, се чини, се претставени последователно, односно онака како што се одигрувале во реалноста. Притоа, најпрво било извршено разурнување и пљачкање, по што следувало припојување/анектирање. Оттука, според наши размислувања не се работи за тоа дека првичната замисла на српскиот жупан за пљачкање и разурнување на градовите и областите низ кои минале српските војски претрпела квалитативна промена. Напротив, биографот на Житието со ваквите свои известувања всушност имплицитно соопштува дека по реализирањето на првата замисла на српскиот жупан за пљачкање и разурнување на соседните византиски градови и области, откако немало соодветна византиска реакција на овие српски деструктивни активности, следувало испраќање на српски гарнизони и воспоставување српска контрола во областите и градовите засегнати од жупановиот поход и тоа во деловите на Косово, горниот дел на Моравската долина и Полог.

На тој начин Полог, по првичното разурнување на градовите Лешок и Градец, како и пустошењето на Областа, најверојатно кон самиот крај на 1189 или поверојатно во почетокот на 1190 година влегол во составот на српската држава. За жал, за карактерот и организацијата на српската власт во Полог не поседуваме ниту директни ниту индиректни податоци така што истите за сега остануваат енигма[22].

До кога Полог останал во составот на српската држава не може со сигурност да се утврди. Византија, зафатена со приоритетната опасност-наближувањето на германските крстоносци до Цариград и нивно префрлање во Мала Азија, во периодот од есента 1189 година до крајот на февруари/почеток на март следната 1190 година, како и поразот на византискиот император од Бугарите во летото 1190 година[23], му дале простор на великиот жупан Стефан Немања да запоседне и поседува дел од освоените територии во посочениов временски интервал.

[22] И покрај настојувањата на М. Бошкоски (Надворешни упади, 189-190) да ја расветли власта на Србите во Северна Македонија, особено Скопско, во периодот по нејзиното освојување од Стефан Немања во 1189/1190 година, дотолку повеќе што авторот застапува мислење за континуирано српско присуство во овие делови на Македонија во траење од една деценија (вратени на Византија околу 1200-1201 година, н.д. 191-192), таквите обиди остануваат во сферата на хипотезите. Оттука, цениме дека евентуалното извлекување паралела со Полог и нејзино механичко пресликување врз Областа би било спекулативно.

[23] Choniates, Historia, 430, 29-431, 33, кој воедно дава детален опис на византиско-бугарските воени дејствија во посоченава година (н.д. 428, 63-434, 18). Сп. и: Г. Острогорски, Историја, 490; R. Guilland, Byzance et les Balkanes, 134-135; История на България 3, 128-129 (Б. Примов); И. Божилов, В. Гюзелев, История на България, 433.

Се чини, освоените области, вклучително и Полог, останале во српско владение сè до преземениот поход на византискиот император Исак II Ангел за репатријација на иститe и средување на односите со Унгарците[24]. Според Никита Хонијат, царот, околу есенската рамнодневница, бездруго 1190 година[25], дошол во околината на Филипопол за да ги сузбие бугарско-куманските напади, но и да се упати против агресивниот српски жупан[26]. Откако ја поразил српската војска во битка на реката Морава[27], дошол до Ниш, од каде се упатил на север и стигнал до реката Сава. Таму се состанал со неговиот тест, унгарскиот крал Бела, па, откако минал повеќе денови се вратил во Филипопол[28].

Според маршрутата на движење на византискиот император, походот бил преземен од Филипопол, а византиската војска на чело со царот се движела по познатиот пат Via Militaris и најверојатно се вратила по истиот пат назад од каде што тргнала. Иако кај Никита Хонијат експлицитно не е наведено враќање на претходно освоените византиски земји од Србите, најверојатно, Стефан Немања, по целосниот пораз на Морава морал да ги врати сите освоени византиски територии во последната година, бидејќи бил принуден да склучи мир[29]. Не може да се согласиме со оние истражувачи кои репатрија-

[24] Г. Острогорски, Историја, 490-491; R. Guilland, Byzance et les Balkanes, 136.

[25] За тоа кога точно бил преземен походот против Србите, во историската наука во игра се две опции – доцна есен 1190 или пролетта 1191 година: К. Јиречек (Историја Срба I, 157) и Г. Острогорски (Историја, 490), го застапуваат мислењето дека тоа се случило есента 1190; Ј. Калиќ (ИСН I, 259) ја наведува доцната есен како време на збиднување; J. Fine (Late medieval Balkans, 25) го предочува месецот септември; М. Бошкоски (Надворешни упади, 191-192) дава поширок временски интервал, предочувајќи ја есента 1190 или 1191-та година.

Во прилог на мислењето дека византиската воена акција насочена против Стефан Немања се случила во 1190 година, по наше мислење со отпочнувањето на есента, е пофалниот говор за византискиот император држен од Никита Хонијат набргу по завршувањето на походот, можеби веќе во јануари или февруари 1191 година, каде тој зборува за веќе успешно завршениот поход против Србите, сп. Choniates, Orationes, (26-34) 27-32. Види и ВИНЈ IV, 226-231 (В. Ферјанчић).

[26] Љ. Максимовић, Правци, 17-18.

[27] Choniates, Historia, 434, 28-30. Сп. и С. Пириватриќ (Тема Морава, 177-182) кој зборува за постоење средновековен град со име Морава, за кој авторот посочува дека се наоѓал на устието на реката Морава во Дунав. Но, во посочениов временски период територијата околу устието на Морава воопшто не се наоѓала во српски раце.

[28] Choniates, Historia, 434, 31-35. Види и ВИНЈ IV, 157 и бел. 170 (Ј. Калић). Сп. М. Бошкоски, Надворешни упади, 191, кој унгарскиот владетел грешно го нарекува цар. Кај R. Guilland, Byzance et les Balkanes, 136, неточно стои дека средбата на византискиот цар и унгарскиот крал се случила есента 1191 година, бидејќи во таков случај на византискиот император би му била потребна повеќе од една година за да го помине растојанието од Ниш до Сава.

[29] J. Fine, Late medieval Balkans, 26. За склучениот мир, поткрепен со династички брак, види кај: Г. Острогорски, Историја, 490; ИСН I, 259-260 (Ј. Калић); К. Јиречек, Историја Срба I, 157.

цијата[30] на византиските земји територијално ја поврзуваат со маршрутата на византискиот император, давајќи и притоа предност на истата пред фактот за големата византиска победа над Србите кај Морава, при што, Србите целосно поразени, бездруго се согласиле со византиските услови на мировниот договор[31]. Нашето мислење, се чини, поткрепа наоѓа и во говорот на Никита Хонијат одржан во чест на византискиот император, а по повод успешно реализираниот поход против Србите, каде се наведува дека царот, навлегувајќи во земјата на Далматите (Србите), припоил еден нејзин дел кон Ромеите[32]. Од овие податоци се насетува дека византискиот цар по победата кај Морава, а пред да продолжи кон Сава на север, се задржал на теренот се додека не го скршил и последниот српски отпор и извршил целосна репатријација на претходно изгубените византиски територии, па можеби дури и на дел од земјите кои уште пред српските воени дејствија против Византиското Царство во екот на Третиот крстоносен поход се наоѓале под српска власт.

Со тоа, цениме дека повторното вклучување на Полог во составот на Византиската Империја е поврзано со победата на Византијците над Србите кај реката Морава. На тој начин, по речиси едногодишно српско присуство во Полог, кон крајот на 1190 година Византијците повторно успеале да ја инсталираат својата власт во Областа[33].

(Рецензент: *проф. д-р Коста Аџиевски*)

[30] Патем, погрешно заменувајќи ја со неточен израз искажан со зборот реокупација, сп. ИСН I, 259 (Ј. Калиќ); М. Бошкоски, Надворешни упади, 191.

[31] ИСН I, 259-260 (Ј. Калиќ), каде, и покрај ваквиот став, меѓу наведените територии кои Стефан Немања ги задржал не се наведени оние во Северна Македонија-Полог и Скопје; М. Бошкоски, Надворешни упади, 191-192, кој, и покрај ставот за посочениот правец на византиското настапување, го застапува мислењето дека освен оние долж императорската маршрута, областите во Северна Македонија исто така биле задржани од српскиот жупан.

[32] Choniates, Orationes, (34) 32. Види и ВИНЈ IV, 231 и бел. 58 (Б. Ферјанчиќ).

[33] Сп. Л. Славева, Полог, 100, која вели дека српските освојувања немале траен карактер бидејќи уште истата година Византија успеала да ги поврати изгубените територии, меѓу кои се наоѓале и северните области на Македонија.

## РЕФЕРЕНЦИ

### I. ИЗВОРИ

**ВИНЈ IV** ----- Византијски извори за историју народа Југославије, Том IV, Београд 1971.

**ИБИ XII ЛИБИ III** ----- Извори за българската история XII. Латински извори за българската история III, София 1965.

**Itinerarium Peregrinorum** ---- The Cornicle of the Third Crusade. The Itinerarium Peregrinorum et Gesta Regis Ricardi, H. J. Nicholson, Aldershot-Burlington USA-Singapore-Sydney 1997.

**Стефан Првовенчани, Житије** ----- Житије Симеона Немање од Стефана Првовенчанога, изд. Ћоровић В., Светосавски зборник кн. 2, Београд 1939.

**Historia peregrinorum** ----- Historia Peregrinorum. Quellen zur geschichte des Kreuzzuges Kaiser Friedrichs I, herausgegeben von A.Chroust, Berlin 1928.

**Choniates Orationes** ----- Nicetae Choniatae Orationes et Epistulae, recensuit A.van Dieten, Berolini et Novi Eboraci MXMLXXII.

**Choniates, Historia** ----- Nicetae Choniatae Historia, ed. A.van Dieten, Berolini 1975.

**Chronicon Magni presbyteri** ----- Chronicon Magni presbyteri, ed. G. H. Pertz, MGH tomus XVII, Hannoverae MDCCCLXI.

### II. ЛИТЕРАТУРА

**И. Божилов, В. Гюзелев, Средновековна България** ----- Божилов И. – Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век. Том I, София 1999.

**М. Бошкоски, Надворешни упади** ----- Бошкоски М., Македонија во XI и XII век. Надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997.

**К. Гагова, Кръстоносни походи и България** ----- Гагова К., Кръстоносните походи и средновековна България, София 2004.

**R. Guilland, Byzance et les Balkanes** ----- Guilland R., Byzance et les Balkanes, sous le règne d'Isaak II Ange (1185-1195). Actes du XIIe Congrès International D'études Byzantines, Ohride 10-16 September 1961 Tom II, Belgrade 1964.

**В. Златарски, История II-III** ----- Златарски В., История на Българската държава през средните векове, Том 2. България под византийско владичество (1018-1187). Второ фототипно издание, София 1994; История на българската държава през средните векове, том 3, Второ българско царство/България при Асеневци (1187-1280), второ фототипно издание, София 1994.

**ИСН I** ----- Историја српског народа, Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371 г.), Београд 1981.

**История на България 3** ----- История на България. Том Трети. Втора Българска Държава, София 1982.

**К. Јиречек, Историја Срба I** ----- Јиречек К., Историја Срба. Прва књига до 1537 године (политичка историја), Београд 1952.

**Е. Койчева, Кръстоносни походи и Балканите** ----- Койчева Е., Първите кръстоносни походи и Балканите, София 2004.

**Љ. Максимовић, Правци** ----- Максимовић Љ., Србија и правци византијских похода у XII веку, ЗРВИ XXII, Београд 1983.

**Г. Острогорски, Историја** ----- Острогорски Г., Историја на Византија, Скопје 1992.

**С. Пириватрић, Тема Морава** ----- Пириватрић С., Византијска тема Морава и „Моравије" Константина VII Порфирогенита, ЗРВИ 36, Београд 1997.

**Л. Славева, Полог** ----- Славева Л., Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Скопје 1980.

**Т. Томоски, Скопје** ----- Томоски Т., Скопската област од XI до XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975.

**J. Fine, Late medieval Balkans** ----- Fine J., The Late medieval Balkans. A Critical Survey from the late Twelfth Century to the Otoman Conquest, Michigan 1996.

Boban PETROVSKI

# THIRD CRUSADE'S REFLECTIONS ON POLOG

## Summary

*During the Third Crusade (1189-192), in the interval first decade of December 1189-first half of January 1190, North-Western macedonian region Polog-part of Byzantium, have been conquered by Serbian grand zoupan Stephen Nemanja and incorporated in the newly established Serbian medieval state.*

*After the battle of Morava (autumn 1190), victorious Byzantians repatriated Polog in the framework of Byzantium.*